Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 131/0306
16.08 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на **31.07.2024 година**, врз основа на примена жалба од **Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“** ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## Жалбата е основана

Текстот со наслов „***Од срцев удар на 30 години почина актерот Мајк Хеслин, пред некој ден бирал имиња за бебе***“, објавен од Репортер.мк на 06.07.2024 година не отстапува од професионалните и етички стандарди, но објавата на истиот текст на профилот на медиумот на социјалната мрежа Фејсбук, отстапува.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До Комисијата за жалби при СЕММ, преку Извршната канцеларија, на 6.07.2024 година е доставена жалба од **Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“** во која се наведуваат линкови од објавите на Репортер.мк на веста за смртта на актерот Мајк Хеслин на страницата на медиумот и на неговиот профил на социјалната мрежа Фејсбук. Притоа, во жалбата се наведува дека во коментарите за текстот има голема доза на дискриминаторски говор и говор на омраза: „Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација, како што е наведувањето дека хомосексуалците нема да одат во рајот, е форма на говор на омраза и може да предизвика значителна психолошка штета, вклучувајќи страв и депресија. Коментарите содржат омраза, предрасуди или закани врз основа на сексуална ориентација.“ Во жалбата натаму се наведува дека порталот треба да има активна модерација која ќе ги идентификува и отстрани коментарите кои содржат говор на омраза или дискриминација.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, побара од медиумот да се изјасни за наводите во жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, до датумот утврден според Правилникот за работа на Комисијата, медиумот не достави одговор, иако регуларно беше контактиран од Извршната канцеларија и известен за пристигнатата жалба и наводите во неа.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. Текстот со наслов „*Од срцев удар на 30 години почина актерот Мајк Хеслин, пред некој ден бирал имиња за бебе*“, објавен од Репортер.мк на 6.07.2024 не отстапува од професионалните и етички стандарди, но објавата на истиот текст на профилот на медиумот на социјалната мрежа Фејсбук отстапува.

Притоа, се прекршени **Насоките за етичко известување во онлајн медиумите,** поточно насоките **10.1, 10.3 и 10.4.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа обжалениот текст и неговото пренесување на социјалната мрежа Фејсбук, поточно коментарите под објавата. Притоа, Комисијата заклучи дека во коментарите на читатели под објавата на текстот на Фејсбук профилот на медиумот се наоѓаат изјави со говор на омраза, односно дискриминирачки говор врз основа на сексуална ориентација. Медиумот бил должен да реагира и да ги отстрани ваквите коментари со цел да не ја поттикнува или засилува омразата и дискриминацијата кон припадниците на оваа заедница. Наводите на жалителот се оправдани и се прифатливи за Комисијата.

Комисијата напоменува дека со ваквите постапки медиумот ги прекршил следните одредби од Насоките за етичко известување во медиумите, поврзани со членот 10 од Кодексот на новинарите:

10.1. Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

10.3. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

10.4. Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Зуриета Јахјага и Тамара Чаусидис.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595